
првачиња мили
ве очекуваме :)

Врз основа на Законот за основно образование на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20, според член 60, 61 и 63) ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Кисела Вода, Скопје ги известува сите родители дека уписот за учебната 2025/2026 година во прво одделение ќе започне од 01.05.2025 година до 30.05.2025 година.

Во прво одделение ќе биде запишано дете кое согласно Законот за основно образование до крајот на календарската 2025 година ќе наполни шест години (деца родени во 2019 година). Децата родени во јануари 2020 година можат да бидат запишани по претходно барање на родителот/старателот и по добиено мислење од страна на педагогот и психологот на училиштето. При уписот задолжително е присуството на детето и на родителот/старателот.

**Потребни документи:**

1. Извод од матична книга на родените (фотокопија)
2. Лекарска потврда за примените задолжителни вакцини од јавна здравствена установа каде што се примени вакцините и фотокопија од вакциналниот картон
3. Лекарска потврда од стоматолошки преглед
4. Лекарска потврда од офталмолошки преглед
5. При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.
6. Лична карта од родители/старатели за потврда на реонизација

**Документите се доставуваат кај педагогот на училиштето при уписот. Основното училиште е должно да ги опфати децата од својот реон, а доколку има слободно место и од друг реон.**

**Педагог:** Жаклина Стојановска
**Психолог:** Ивана Велевска

**ВД Директор:** м-р Сашо Јваноски

ООУ Кирил Пејчиновиќ-Скопје
Кисела Вода

Уписот и интервјуто со децата и родителите ќе се врши секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот, со однапред закажан термин на: 078 354 541